# ПЛАН И ПРОГРАМА НА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ДЕТСКА И АДОЛЕСЦЕНТНА ПСИХИЈАТРИЈА

| | |
|---|---|
| **Област на супспецијализација** | **Детска и адолесцентна психијатрија** |
| **Звање со кое се стекнува по завршување на супспецијалистичкиот испит** | **Супспецијалист по детска и адолесцентна психијатрија** |
| **Траење на супспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

Целта на супспецијализацијата е остварување на едукација во областа на менталното здравје на децата и младите во правец на обезбедување превенција, навремено препознавање и третирање на развојните потешкотии и психопатологијата од раното детство до адултниот период.

**Времетраење :**

Едукацијата ќе се одвива во текот на 24 месеци. Програмата се состои во главно од две компоненти : 1. Теориско/дидактичнка компонента (предавања и консултации)

2. Клиничка компонента (турнуси и прикази на случаи)

Во реализацијата на оваа програма ќе бидат вклучени следните институции :

1. ЈЗУ Универзитетска клиника за Психијатрија, одделение за деца и младинци
2. ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, одделение за развојна неврологија
3. ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и млади
4. ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, центар за злоупотреба и зависност од психоактивни супстанци.
5. ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас

**Теоретско дидактичниот курикулум се препорачува да биде составен од :**

1. Развојна неврологија
2. Развојни дисхармонии
3. Развојна психологија
4. Развојна психопатологија и главни нозолошки ентитети :
   - Анксиозни растројства
   - АДХД
   - Аутизам и первазивни развојни растројства

- Шизофренија
- Растројства во однесувањето
- Биполарни растројства
- Депресија и суицидално однесување
- Проблеми со училиштето
- Растројства во исхраната
- Психофармакотерапија
- Психотерапија
- Психолошка евалуација
- Семејни дисфункции
- Злоупотреба на деца

**Практичниот дел од програмата ги опфаќа следните турнуси и времетраење :**

1. **ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – оддел доенче 1 месец**
   - Ран детски развој
2. **Клиника за детски болести- развојна неврологија 1 месец**
   и детска психофизиологија
3. **Клиника за психијатрија – Одделение за детска и адолесцентна психијатрија 6 месеци**
   -главни нозолошки ентитети во детскиот и адолесцентен
   Период (етиопатогенеза, дијагностика, психодијагностика,
   Психофармакотерапија, психотерапија)
4. **Клиника за психијатрија - Одделение за детска и адолесцентна психијатрија 3 месеци**
   -дневна болница, амбуланта, Кабинет за невроразвојни растројства
   (работа со социјална рехабилитација и амбулантско
   Следење, психотераписки интервенции, интервенции со деца со растројства од аутистичен спектар)
5. **Завод за ментално здравје за деца и млади 3 месеци**
   -дневна болница, развојни дисхармонии, аутизам и первазивни развојни растројства, деца со успорен психомоторен развој,специфични развојни пореметувања на училишни способности, емоционални развојни нарушувања, хиперкинетски растројства, психолошка процена кај предучилишни деца, дијагностика и специфични облици на третман, психотерапија,социотерапија,реедукација,- општа и специфична, логопедски третман, семејно советување

6. **Завод за слух, говор и глас 2 месеци**
   -третман на деца со невроразвојни растројства - рехабилитација на говор кај деца со РАС, растројство во експресивен и рецептивен говор, алалии, дислалии,

7. **Клиника за психијатрија** **1 месец**
   -кризна интервенција и теле-апел служба

8. **Центар за зависности – ЈЗО Психијатриска болница – Скопје 1 месец**

------------------------

Вкупно 18 месеци

Интеграција на теоретските знаења и практичните искуства поминати во текот на турнусите и предавањата ќе биде спроведена низ изработка на семинарски трудови кои ќе се презентираат на **ЈЗУ Клиника за психијатрија - 6 месеци**

**ИЗРАБОТКА НА СЕМИНАРСКИ ТРУДОВИ ОД ОБЛАСТА НА :**

1. Развојна психологија и психопатологија
2. Развојни дисхармонии
3. Психотерапија кај различни клинички синдроми
4. Психофармакотерапија во детска и рана адолесцентна возраст.
5. Первазивни растројства
6.

**ПОЛАГАЊЕ КОЛОКВИУМИ :**

1. Клиничка психијатрија на детска и адолесцентна возраст
2. Развојна психологија и психопатологија
3. Терапија во детска и адолесцентна возрас

**ЕВАЛУАЦИЈА**

1. **Општи аспекти**
   а. Евалуацијата треба да се темели врз основа на објективни показатели на знаењето, грижата за пациентите, комуникациските вештини, професионалноста и емпоатиските квалитети.
   б. Евалуацијата како и стручното водење на специјализантот се обезбедува со назначување ментор при отпочнување на супспецијализацијата, кој има задача да го следи развојот, едукацијата, ангажманот на едукантот и да ја насочува неговата работа, да ги следи постигнатите резултати и да води евиденција.

ц. Специјализантот во тек на изведување на суспецијализцијата треба да има на располагање можности за работа, редовен контакт со својот ментор, можности за консултација, пристап до интернет, списанија и книги од релевантните области.

2. **Евалуациски компоненти :**

А. Континуирана работа во тек на клиничкиот турнус на едукантот водена од ментор кој го супервизира и насочува ангажманот во договор со раководителот на одделот на кој специјализантот престојува.

Б. Презентација на случаи подготвени од едукантот во рамки на одделот, како и на редовните презенатции пред менторот и останатите учесници во едукацијата.

В. Стручни презентации на теми од обласа која се посочува со најнови истражувања при што е користен интернет, нови списанија, книги.

Г. Подготовка на семинарски трудови

Д. Полагање колоквиуми од наведените области

Ѓ. Сите аспекти на евалуацијата треба да бидат евидентирани во специјализантска книшка која за таа цел ја води самиот едукант како и неговиот ментор.

Е. Полагање на завршен испит пред тројца наставници со увид во неговото ангажирање во текот на турнусите.

Ж. Изборот на наставници во испитната комисија е во надлежност на Катедрата.

З. Успехот на кандидатот се оценува со „положил,,

Ѕ. После успешно завршениот суспецијалистички испит кандидатот се стекнува со уверение и звање **Суспецијалист по детската и адолесцентна психијатрија.**